РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: | 26. 04. 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Pranoi | Вредност Vlera |
| | | | |

**Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

**Наш број: 12-134/6**

**Датум: 26, Април, 2021**

**До: Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Предмет: Известување по однос на Решение** Бр. 08-397

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам заведено под број 12-134/6 од 06.04.2021 година, доставено е Решение по однос Барања за пристап до информација од јавен карактер, на кое во повеќе наврати имаме доставено одговор и постапено по истото.

Со сета почит ги разгледавме истите и констатиравме дека на истите Барања, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има постапено и тоа:

- Во врска со барањето од точка еден, во врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ги превзема законските дејствија согласно одредбите од Законот за градење и донесените известувања Ви ги доставуваме во прилог.
- Во врска со барањето од точка два, во врска со нелегална градба на ул.Кузман Капидан бр.23 во Охрид, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги превзема законските дејствија согласно одредбите од Законот за градење и донесените известувања Ви ги доставуваме во прилог.

Имајќи ја во предвид настанатата ситуација и пандемиската година, поради пандемијата со која се справуваме во моментов од корона вирусот COVID – 19, дејствијата и сите активности поради редуцираното работење и патување одат со мал застој, во институцијата имавме и позитивни колеги кои користеа боледување и колеги во изолација и од тие причини го молам Насловот да го има во предвид постапувањето по ова Решение.

Со почит,

**Изработил:**
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д.Директор**
**Фатмир Арифи**

06. 04. 2021

12 134/6

Врз основа на член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), согласно член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид SOS, поднесена преку против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.** Жалбата изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид SOS, поднесена преку против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

„1. Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инпекторат во врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид.

Според информациите добиени од Дирекцијата за заштита на културното наследство во септември 2020г., инспекторатот при Дирекцијата за заштита на културното наследство по претходно извршен инспекциски надзор од НУ Завод и музеј – Охрид од 3 јули 2020 г., издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

**2.** Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инпекторат во врска со нелегална градба на ул. Кузман Капидан бр.23 во Охрид. Во врска со случајот, НУ Завод и музеј – Охрид извршиле увид на 06 октомври 2020 г. по што ја известиле Дирекцијата за заштита на културното наследство за понатамошно постапување.

Според информациите кои ги имаме, инспекторатот за културно наследство при Дирекцијата издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба во согласност со претходно извршен инспекциски надзор, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот" **СЕ УВАЖУВА**.

**2. СЕ НАЛОЖУВА** на имателот на информации, да постапи по Барањето на барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3.** Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Граѓанската иницијатива Охрид SOS, на 15.02.2021 година поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, со кое побарала на е-маил да му се достави електронски запис од следната информација:

„1. Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инпекторат во

врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид.

Според информациите добиени од Дирекцијата за заштита на културното наследство во септември 2020г., инспекторатот при Дирекцијата за заштита на културното наследство по претходно извршен инспекциски надзор од НУ Завод и музеј – Охрид од 3 јули 2020 г., издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

2. Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инпекторат во врска со нелегална градба на ул. Кузман Капидан бр.23 во Охрид. Во врска со случајот, НУ Завод и музеј – Охрид извршиле увид на 06 октомври 2020 г. по што ја известиле Дирекцијата за заштита на културното наследство за понатамошно постапување.

Според информациите кои ги имаме, инспекторатот за културно наследство при Дирекцијата издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба во согласност со претходно извршен инспекциски надзор, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот".

Имателот на информации, на ова Барање не одговорил поради што барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднесе Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена под бр.08-397 на 11.03.2021 година. Во Жалбата е наведено: „...До денес 11.03.2021 г. немаме добиено никаков одговор, а согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, рокот е веќе изминат, поради што ја доставувам оваа жалба. Во прилог на оваа жалба доставувам и копија од електронскиот допис до ДИГУ со барањето...".

Агенцијата со електронски допис бр.08-397 од 15.03.2021 година, ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации до Агенцијата не достави произнесување по предметната Жалба, во законски предвидениот рок.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр.08-397.

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-397
26.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP